Уп. бр.08-155

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Ческа спорителна, а.д. (Česká spořitelna, a.s.) со адреса на Олбрахтова 1929/62, 14000 Прага 4, Чешка Република, поднесено преку адвокат Мартин Иванов од Скопје, на седницата одржана на ден 16.12.2022 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1.Се утврдува дека концентрацијата со која Ческа спорителна, а.д. (Česká spořitelna, a.s.) со адреса на Олбрахтова 1929/62, 14000 Прага 4, Чешка Република стекнува единствена контрола врз деловното претпријатие, што вклучува кредитно портфолио и поврзани средства и обврски на Сбербанк ЦЗ, а.д. во ликвидација (Sberbank CZ, a.s. v likvidaci), со седиште на У Трезорки 921/2, Јинонице 158 00 Прага 5, Чешка Република, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**Образложение**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 22.11.2022 година а дополнето на 23.11.2022 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна на Ческа спорителна, а.д. (Česká spořitelna, a.s.) со адреса на Олбрахтова 1929/62, 14000 Прага 4, Чешка Република со која Ческа спорителна, а.д. Чешка Република стекнува единствена контрола врз деловното претпријатие, што вклучува кредитно портфолио и поврзани средства и обврски на Сбербанк ЦЗ, а.д. во ликвидација, (Sberbank CZ, a.s. v likvidaci), со седиште на У Трезорки 921/2, Јинонице 158 00 Прага 5, Чешка Република.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите, го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

Ческа спорителна, а.д. е дел од Групацијата на компании Ерсте ("Групација Ерсте"), предводена од Ерсте Груп Банк АГ (*Erste Group Bank AG*), со седиште на Ам Белведере 1, 1100 Виена, Австрија. Групацијата Ерсте е еден од најголемите даватели на финансиски услуги во Централна и Источна Европа, и вработува околу 45,000 луѓе и опслужува повеќе од 16.1 милиони клиенти преку својата мрежа од 2,100 филијали во седум земји. Групацијата Ерсте е активна во обезбедувањето банкарски услуги за приватни и корпоративни клиенти, како и во обезбедување на други финансиски услуги како што се плаќања, управување со готовина, упатување на клиенти, услуги за чување, финансии за трговија и извоз, управување со средства, активности на пазарите на капитал, како и посредување и глобални услуги за извршување. Работењето на Групацијата е поделено во шест деловни сегменти: (1) Малопродажба; (2) Корпорации; (3) Пазари на групацијата; (4) Управување со средства/обврски и локален корпоративен центар (АЛМ енд ЛЦЦ (*ALM & LCC*)); (5) Штедилници и (6) Корпоративен центар на групацијата (ГЦЦ (*GCC*)).

Основната дејност на Групацијата Ерсте во Северна Македонија е обезбедување банкарски услуги за физички лица и корпоративни клиенти.

Групацијата Ерсте има три регистрирани субјекти во Северна Македонија:

-ШПАРКАСЕ БАНКА АД Скопје, со седиште на Васил Иљоски бр.14, Скопје, Северна Македонија и приоритетна дејност – друго монетарно посредување;

-ШПАРКАСЕ ЛИЗИНГ ДОО Скопје, со седиште на ул. Македонија бр.34, Скопје, Северна Македонија и приоритетна дејност – финансиски лизинг;

-С-АМЦ1 ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Македонија бр.34, Скопје, Северна Македонија и приоритетна дејност – купопродажба на сопствен недвижен имот.

Целното друштво е деловно претпријатие, односно организирано групирање на средства и обврски што ги создаде Сбербанк ЦЗ, кое се користи за управување со бизнисот на Сбербанк ЦЗ и вклучува сè што припаѓа на деловното претпријатие како целина, освен ставките исклучени од Целното друштво. Целното друштво моментално е во целосна сопственост на Сбербанк ЦЗ.

Целното друштво нема никакви средства или дејности во Северна Македонија и не остварува приход во Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка*

*на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување**.**

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**